**С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К**
**на**
**Општина Ранковце**

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник наОпштина Ранковце<br>Издавач:Општина Ранковце<br>излегува по потреба | Година XXV број 5<br>25 Март 2024 година<br>Ранковце | Гласникот е бесплатен |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за прогласување на ден на жалост во Општина Ранковце**

1.Се прогласува Одлуката за прогласување на ден на жалост во Општина Ранковце, донесена на вонредната седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 23.03.2024 година.

2.Одлуката за прогласување на ден на жалост во Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-437/1**
**25.03.2024 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот на локална самоуправа ( „Службен весник на Република Македонија бр.05/2002) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на вонредната седница одржана на ден 23.03.2024 година донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ДЕН НА ЖАЛОСТ ВО ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**

**Член 1**

Среда 27.03.2024 година се прогласува за Ден на жалост во Општина Ранковце, по повод трагичната смрт на Александар Михаиловски кој трагично го загуби животот при извршување на работни задачи во Република Чешка.

**Член 2**

На Денот на жалост знамињата во Општина Ранковце ќе бидат истакнати на половина копје. Сите културни и спортски манифестации закажани на територијата на општината за 27.03.2024 година се одлагаат.

Угостителските објекти кои се на територијата на Општина Ранковце ќе емитуваат сериозна музика.

**Член 3**

Ова одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Ранковце.

**Бр.09-433/2**
**23.03.2024 год.**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска Јовановска, с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1. **Заклучок за прогласување на Одлуката за прогласување на ден на жалост во Општина Ранковце.**
2. **Одлука за прогласување на ден на жалост во Општина Ранковце.**

**---------------------------------------------/-------------------------------------------------**